РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-93/4
11.01.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 04.01.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 25.12.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 10-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2023 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2023 година.

4. Предлог - решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје – Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Софтер - систем за електронски регистар на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и даватели на услуги, платформа за споделување видеа.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: Услуга од приватна агенција за вработување.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 25.12.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 10-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог - решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје – Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ. Објасни дека точката е од административен карактер бидејќи се јавува како последица на Одлуката за одземање на дозволата на наведениот радиодифузер. Согласно Законот за да се избрише од регистарот на радиодифузери што го води Агенцијата, Советот треба да донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје – Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Софтвер - систем за електронски регистар на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и даватели на услуги, платформа за споделување видеа. Објасни дека без платформите за споделување на видеа, овој софтвер беше модул од софтвер кој го изработи Агенцијата за електронски комуникации некаде 2013-2014 година при што се користеа серверите на АЕК. Минатата година заврши Договорот за одржување на софтверот и фирмата што до сега го одржуваше не сакаше и понатаму да го продолжи договорот бидејќи сега овој софтвер е веќе технолошки застарен модел. Но, кажале доколку се појават технички проблеми до набавка и изработка на нов софтвер, тие ќе излезат во пресрет, и препорачаа да се обезбеди нов софтвер. Во меѓувреме се направија измени на ЗААВМУ каде што АВМУ има дополнителни надлежности и затоа е предложено да се надгради претходниот софтвер, кој што треба да го изработи економскиот оператор кој ќе ја добие јавната набавка.

Г-дин Петрушевски рече дека ја видел техничката спецификација и се изјасни дека ќе го поддржи предлогот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Софтвер - систем за електронски регистар на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и даватели на услуги, платформа за споделување видеа.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот- стока: Софтвер - систем за електронски регистар на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и даватели на услуги, платформа за споделување видеа, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 6**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: Услуга од приватна агенција за вработување, рече дека оваа набавка е многу важна за работата на Агенцијата, посебно што оваа година ќе се одржат претседателски и парламентарни избори.

Г-дин Трајчевски објасни дека тековната јавна набавка по оваа услуга завршува првите денови од април 20204 година. Но, бидејќи се распишуваат изборите и ќе се формира техничка влада некаде 28 јануари оваа година, а следниот месец во февруари се очекува распишување на два изборни процеси, претседателски и парламентарни, за да не се дојде до ситуација да заврши стариот договор и да не може да се ангажираат

соработници, се започнува сега оваа постапка на барање на Секторот за правни работи и јавни набавки. Новиот договор ќе се применува по истекот на тековниот односно под услов доколку се истроши стариот веднаш да почне примената на новиот договор согласно оваа јавна набавка. Посочи дека дел од овие средства ќе бидат дополнети од буџетот.

Г-дин Петрушевски рече дека можеби ќе има измени и во Изборен законик, и добро е оваа јавна набавка да биде спремна. Наведе дека ќе ја поддржи набавката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: Услуга од приватна агенција за вработување.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Услуга од приватна агенција за вработување, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**